Родово одговорно буџетирање на програмата за улично осветлување на подрачјето на Општина Богданци за 2022 година



CRPM Center for Research and Policy Making
... policy impact since 2004

ПОЛИМАТ 13
POLYMATH 13

UN WOMEN

Родово одговорно буџетирање на програмата за улично осветлување на подрачјето на Општина Богданци за 2022 година

Автор:
Надица Маџирова

Ментори:
Златко Симоновски, Марија Ристеска, Ристе Јурковски

Партнерска организација:
Полимат 13 од Богданци

Публикацијата „Родово одговорно буџетирање на програмата за улично осветлување на подрачјето на Општина Богданци за 2022 година„ е подготвена од Полимат 13 со менторска поддршка од Центар за истражување и креирање политики во рамките на проектот на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, со финансиска поддршка од Швајцарија и Шведска.

Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се мислења и ставови на авторите и нужно не ги претставуваат мислењата и ставовите на UN Women, Обединетите нации или на другите придружни организации.

Активноста ја спроведува Центарот за истражување и креирање политики Консалтинг – ЦИКП Консалтинг ДОО Скопје и партнерските организации.

CRPM Center for Research and Policy Making
... policy impact since 2004

ПОЛИМАТ 13
POLYMATH 13

UN WOMEN

ВОВЕД И КЛУЧНИ НАОДИ

Според последниот попис на населението и домаќинствата во Република Северна Македонија од 2021 година, на територијата на општина Богданци живеат 7339 жители, односно 64,1 ж/км^2, што укажува на фактот дека општината има доста помала од густината на населеност во Северна Македонија, која изнесува 71,4 ж/км^2. Од вкупниот број на жители 3617 или 49,28 % се жени, додека 3722 или 50,72 % се мажи.

Најголемиот дел од населението (5244) живее во општинскиот центар Богданци, додека во другите три селски населби живеат 2095 жители.

Во поглед на старосната структура, населението во општина Богданци старее многу побрзо отколку на национално ниво. Имено, старосната група на младо население од 0-19 години учествува само со 18 %. Од друга страна учеството на работоспособното население изнесува 63 %, и е на исто ниво како и во државата, и конечно населението над 65 години (пензионери) учествува со 19 % во вкупниот број на жители во општината.

ЦЕЛ И МЕТОДОЛОГИЈА НА ЕВАЛУАЦИЈА

Во рамките на оваа евалуација, беше спроведена родова анализа во однос на вклучувањето на родовата перспектива во планирањето и креирањето на Програмата за улично осветлување на подрачјето на општина Богданци за 2022 година.

Преку разговори и интервјуа со лицата кои се задолжени за креирање и изработка на оваа програма во однос на капацитетите, досегашната пракса за начинот на применување на родовата димензија при подготовка на програмите и буџетот, беше анализирано: до кој степен се земени предвид одредбите од Законот за еднакви можности, како и Стратегијата за родово одговорно буџетирање; и на кој начин се спроведувал целиот процес.

Предмет на анализа беше и Програмата за улично осветлување на подрачјето на општина Богданци за 2022 година, како и буџетот за 2022 година.

ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ И РАМКА НА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

Програмата за улично осветлување за 2022 година е посебно интересна и актуелна бидејќи уште во времето на нејзината подготовка во најава беше енергетска криза на глобално ниво заради актуелната ситуација со Украина и Русија. Секако оваа криза не не одмина и нас во С. Македонија, па преку низа на мерки и активности и на национално и на локално ниво властите се трудат да се направи заштеда на енергија. Во тој контекст Владата во месец август донесе препораки за заштеда на електрична енергија од 15 проценти при што мерките се однесуваат на домаќинствата, компаниите и државните институции и ќе се применуваат од 1 септември 2022 до 31 март 2023 година.

Во однос на домаќинствата овие препораки се однесуваат на домашните апарати и нивно ефикасно искористување, енергетски ефикасна изолација на домовите, исклучување на декоративното осветлување на фасадите, заштеда на енергија и вода итн.

За бизнис заедницата овие мерки се исто така во форма на препораки и опфаќаат начини за искористување на дневната светлина во внатрешните простории и производните објекти, канцеларии и хали, греење и ладење не пониско од 27 степени или повисоко од 20 степени во сезона на греење, исклучување на декоративното осветлување, применување и вградување на нови технологии за подобрување на енергетските перформанси на индустриските постројки и инсталирање на систем за управување со енергија во деловниот објект и во самиот технолошки процес.

Јавните институции и државните претпријатија добија конкретни задолженија за раководните лица за намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија за 15% во однос на истиот период од 2021/2022 година. Потребно е да се определат лица кои ќе се грижат за намалување на потрошувачката на енергија согласно препораките, како и да вршат чести контроли како во тек на работното време, така и по завршување на истото. Вработените во јавните институции и државните претпријатија имаат добиено препораки за однесување со работниот инвентар за да може да заштеди енергија.

Препораките за општините и градот Скопје се истите како и за државните и јавните институции и нивните вработени.

Во однос на јавното осветлување препораките за општините и градот Скопје се да се направи распоред, така што на половина од улиците и булеварите да се исклучува јавното осветлување наизменично преку еден ден.

Јавното претпријатие Патишта доби препорака веднаш да отпочне со намалување на осветлувањето поставено на државните патишта до минимален сигурносен обем на осветлување на улици, плоштади и други објекти кои ги опфаќа државните патишта.

ОПИС НА КОНКРЕТНАТА ПОЛИТИКА КОЈА СЕ АНАЛИЗИРА ВО КОНТЕКСТ НА РОБ

Во рамки на ова истражување, детално се анализираше Програмата за улично осветлување на подрачјето на општина Богданци за 2022 година. Со оваа програма се утврдуваат активностите за одржување на јавното осветлување за 2022 година, се утврдува обемот и динамиката на одржувањето и финансирањето на истите, како и финансирањето на потрошената енергија од јавното осветлување во општината. Финансирањето на оваа програма се врши преку средствата кои ЕВН ги наплатува од корисниците во вид на комунална такса за улично осветлување и истите се префрлаат на сметка на Буџет на Општина Богданци за 2022 година и дел сопствени средства од Буџетот на Општина Богданци.

Во програмата за јавно осветлување во текот на 2022 година се планирани следните активности:

А. Одржување на постоечките улични светилки;
Б. Изградба односно поставување на нови улични светилки (комплет);
В. Сретства за плаќање на фактури за јавно осветлување.

Во јуни месец е донесена Програма за изменување на програмата за улично осветлување на подрачјето на општина Богданци за 2022 година, при што точката Б се менува и гласи:

Б. Поставување и измена на веќе постоечки улични натриум светилки со лед светилки.

ОПФАТ , КОРИСНИЦИ, ЧИНИТЕЛИ

Покриеноста на улично осветлување на подрачјето на општина Богданци е приближно околу 95 %, при што овој мал дел на непокриеност со улично осветлување се однесува на делови од улици кои од различни причини (оштетувања и споеви при појава на ветер и невреме, заради оптовареност на должина на линии итн) се без светилки. Притоа, со програмата е предвидено покритие со светилки и на овие потези, но, подоцна со Програмата за изменување на програмата за улично осветлување на подрачјето на општина Богданци за 2022 година, пролонгирано е целосното покривање до 100 % за 2023 година.

БУЏЕТСКА АНАЛИЗА И ГЛАВНИ НАОДИ

Анализата на Програмата за улично осветлување на подрачјето на општина Богданци за 2022 година покажува дека родовата перспектива не е интегрирана при нејзината изработка. Не постојат јасно дефинирани родови цели и приоритети, но сепак активностите кои се предвидени со конкретен буџет можат да придонесат за унапредување на родовата рамноправност и ги земаат во предвид различните потреби на мажите и жените. Предвиденото одржување и реконструкција на јавното осветлување во значајна мера води кон подобрување на безбедноста на жените во општината.

Поради специфичната состојба со енергетската криза која е актуелна во моментов, некои од овие состојби беа нарушени во текот на месецот август, кога поради големите сметки за улично осветлување е одлучено да се исклучуваат светилките на цели улици наизменично по 2 дена, односно воопшто да не се вклучуваат во текот на целата вечер. Ова беше предвидено и на места како што се паркови, детски игралишта и паркови со урбана опрема за млади, па така во вечерните часови беше нарушена можноста мајки со деца и младите во време на летен распуст да се дружат и рекреираат чувствувајќи се безбедно. По реакција на јавноста оваа пракса беше променета и на овие места за рекреација и дружба јавното осветлување беше оставено во функција.

Сепак, во периферните делови на населените места каде во одредени денови немаше улично осветлување, жените и младите не се чувствуваа безбедно за движење. Централните подрачја каде исто така беше изоставено уличното осветлување, не беа во состојба на целосна темнина поради постоењето на продавници и различни дуќани каде излозите беа осветлени, но сепак жителите не се чувствуваа безбедно.

По реакција на засегнатата јавност, Општина Богданци имаше слух и посегна по нов начин на заштеда, кој сепак е побезбеден и во согласност со потребите на жителите. Веќе во септември месец се отпочна со исклучување на уличното осветлување во текот на доцните часови, односно во еден часот по полноќ до изутрина, освен во централните подрачја во населените места каде има оставено мал број на светилки.

Оваа пракса е побезбедна бидејќи во општината за жал или среќа во овој случај, нема индустриски капацитети кои работат во ноќните смени и би имало жители кои се чувствуваат небезбедни. Освен неколку компании кои работат во втора смена која завршува во периодот од 21 – 23 часот и угостителски објекти кои во работни денови работат до 24 часот и за викенди до 1 часот по полноќ, потребата од улично осветлување е значително мала во овој период од 1 часот по полноќ до изутрина.

На 30 октомври при промена на летното во зимско сметање на времето, уличното осветлување престануваше да работи на полноќ што особено за време на викендите претставува закана за безбедноста на девојките, жените и младите луѓе од општината.

Според пресметките, доколку се продолжи времето на гасење на светилките на ниво на општина за 90 минути само за време на викенди, односно во петок и сабота, вкупно 9 дена месечно, сметката би се зголемила за 3675,67 денари. Ова се однесува за цената на KWh за месец октомври кога изнесува 13.09 денари. (Табела. 1)

Во Табела.2 се прикажани истите пресметки, но со цената на чинење на KWh во месец септември кога изнесувала 26.34 денари и во тој случај сметката би се зголемила за 7396.27 денари.

Табела 1. Пресметка за месец октомври

Број на светилки	W	KW	Часови	Денови	Потрошени KW	Цена на KWh (МКД)	Вкупно МКД
1000	16	0.016	1.5	9	216	26.34	5689.44
42	50	0.05	1.5	9	28.35	26.34	746.74
150	18	0.018	1.5	9	36.45	26.34	960.09

Табела 2. Пресметка за месец септември

Број на светилки	W	KW	Часови	Денови	Потрошени KW	Цена на KWh (МКД)	Вкупно МКД
1000	16	0.016	1.5	9	216	13.09	2827.44
42	50	0.05	1.5	9	28.35	13.09	371.10
150	18	0.018	1.5	9	36.45	13.09	477.13

Со оваа пресметка се покажа дека сумата за која ќе се зголеми сметката за електрична енергија на уличното осветлување во општина Богданци е многу мала во однос на тоа колку ќе се зголеми безбедноста на девојките, жените и младите луѓе. Прикажани се пресметки за двата последни месеци за кои има сметка за електрична енергија и дури и со дупло поголема цена на електричната енергија сумата за која ќе се зголеми сметката е многу мала.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Во однос на Програмата за улично осветлување на подрачјето на општина Богданци за 2022 година може да се заклучи дека Општина Богданци ја користи родовата перспектива во недоволна мерка. Не постојат јасно дефинирани родови цели и приоритети, но делумно се предвидени активности со родова перспектива кои во нормални услови можат да водат кон подобрување на безбедноста на жените во општина Богданци.

Како препораки можат да се предвидат:

Јасно дефинирање на родови цели и приоритети со целосно имплементирање на родовата перспектива;

Користење на родово сензитивен јазик и собирање на родово поделени податоци за корисниците;

Подигнување на капацитетите и едукација за РОБ и користење на родова анализа на потреби и родови јазови, не само на КЕМ и членовите на советот, туку и на целокупната општинска администрација која во одреден момент може да се јави како изработувач на програма од неговиот сектор, што ќе доведе до креирање на родово одговорен буџет.

Литература:

Програма за улично осветлување на подрачјето на општина Богданци за 2022 година

Закон за еднакви можности на жените и мажите (“Службен Весник на Република Македонија” бр.6/2012).

Закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите (“Службен Весник на Република Македонија” бр. 166/2014).